# ОГЛАСИ

## ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ БИТОЛА

Врз основа на член 231 ставови 11, 12, 13, 14, 15 и 16, член 231-а, 231-б, 231-в, 231-г, 231-д, 231-ѓ, 231-еи 231-ж од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15 и 154/15, 17/16и 37/16), Законот за користење и располагање со стварите во државните органи, Согласноста од Министерството за здравство со бр.09-3856/2 од 21.5.2021 година и Одлуката со бр.02-228/2 од 6.5.2021 на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом Битола, Комисијата за спроведување располагање со недвижни и движни ствари на ЈЗУ Здравствен дом Битола, објавува

## О Г Л А С
## ЗА ИЗДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ПРОСТОР И ОПРЕМА ВО ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ БИТОЛА СО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

1. ЗАКУПОДАВЕЦ: ЈЗУ Здравствен дом Битола
2. ПРЕДМЕТ НА ИЗДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП:

2.1. Предмет на издавање под закуп е простор - амбуланта на ЈЗУ Здравствен дом Битола - Општина Могила

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| **РБ** | **Предмет на издавање под закуп** | **Почетна цена ( денари)** | **Висина на депозит ( денари)** |
| **1** | Ординација по општа медицина, Здравствен дом – Битола Општина Могила со вкупна површина 40 м2 со ходник и санитарен јазол 10 м2<br><br>Општина Могила катастарска парцела 2933/3, Имотен лист број 1230 | **2500** | **30.000** |
| **2** | Ординација по општа стоматологија Здравствен дом – Битола Општина Могила со вкупна површина 35 м2 ходник санитарен јазол 10 м2<br><br>Општина Могила катастарска парцела 2933/3, Имотен лист број 1230 | **1500** | **18.000** |

2.2. Просторот предмет на издавање под закуп - јавното наддавање може да се види секој работен ден од 09:00 до 14:00 часот, со претходна најава и присуство на претставник од Комисијата за спроведување на постапката.

2.3. Услови за давање под закуп: Просторот предмет на издавање под закуп назначен во точка1. се издава под следните услови:

- Намената на просторот е за вршење на соодветната здравствена дејност;

За дејноста општа медицина на ниво на примарна здравствена заштита

- Закупецот не може да ја промени дејноста за која се издава закупот, не може да го издава просторот во подзакуп и не може да припојува други сооснователи;
- Трошоците за инвестиции паѓаат на товар на закупецот и кон истите може да се пристапи по претходно писмено одобрение од Здравствениот дом;
- Закупецот се обврзува да учествува во надоместувањето на трошоците за потрошената електрична и топлинска енергија, вода и ѓубретарина во согласност со процентуалното учество во вкупната потрошувачка на објектот. Закупецот нема обврски да го превземе и вработи здравствениот работник со средно образование вработен во ПЗУ која предходно функционирала во просторот (чл 318 став 3, 4 од Законот за здравствена заштита.
- Во случај на дефект во просторот издаден под закуп, трошоците за отстранување на дефектот ќе ги сноси закупецот на просторот каде што е дефектот;
- Закупецот се обврзува плаќањето на закупнината да биде месечно по добивањето на фактурата од Здравствениот дом за тековниот месец најдоцна до 15 ти наредниот месец.
- Цената на закупнината е постигнатата цена на јавно наддавање зголемена со ДДВ во период од кога закуподавачот е даночен обврзник.
- Во случај на згаснување на здравствената установа или неможност за подмирување на закупнината, обврските ги презема основачот на ПЗУ.

3. ПРАВО НА УЧЕСТВО

3.1. Право на учество на јавното наддавање имаат:

- физички лица -доктори на медицина,доктори на стоматологија кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за здравствена заштита, да имаат завршено високо образование (ВИИ / 1 степен - /Медицински факултет - Стоматолошки факултет, и да имаат лиценца за работа;
- правни лица - приватни здравствени установи основани и регистрирани за вршење на здравствена дејност од соодветната област, кои пет дена пред одржувањето на јавното наддавање ќе достават пријава во која е содржана Изјава дека ги прифаќаат условите од точка 2.3, документацијата од точка 4.1. на овој оглас, на адреса на ЈЗУ Здравствен дом Битола ул.,„Филип Втор Македонски“ бр.9 Битола, најдоцна до 14:00 часот.

3.2.Депозит - Право на учество на јавното наддавање имаат само лицата кои ќе достават доказ - уплатница дека пет дена пред одржувањето на јавното наддавање уплатиле депозит за учество во наддавање во висина на износот наведен во колона 4 на табелата од точките 2.1, 2.2 на трезорската сметка на ФЗОМ и тоа: Банка на примачот: НБРМ, Сметка: 100-0000000660-05, Сметка на корисник 6600200501 531 51, Приходна шифра и програма 725939 00, со цел на дознака депозит за учество на јавното наддавање за закуп на простор во амбуланта во ЈЗУ Здравствен дом Битола.

3.3.Уплатата извршена спротивно на точка 3.2. се смета за ненавремена и лицата кои не ја извршиле навремено уплатата и не доставиле пријава согласно со точка 3.1. немаат право на учество во јавното наддавање.

3.4.Уплатениот паричен депозит од најповолниот наддавач се засметува во закупнината.

**Огласи**

4. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

4.1.Заинтересираните лица треба да поднесат пријава за учество на јавното наддавање, во рокот утврден во точка 3.1. во затворен плик со назнака за јавно наддавање за закуп на простор на амбуланта во ЈЗУ Здравствен дом Битола. Образецот на пријава може да се подигнат од архивата на ЈЗУ секој работен ден од 08:00 часот до 14:00 часот.

Со пријавата заинтересираните лица треба да достават:

ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

- Доказ за уплатен депозит;
- Изјава дека ги прифаќаат условите од точка 2.3. на Огласот;
- Фотокопија од важечка лична исправа (лична карта или пасош);
- Доказ за завршено образование - (оригинал или копија заверена на нотар);
- Лиценца за работа (оригинал или копија заверена на нотар);
- Уредно полномошно за застапување во случај на учество преку полномошник.

ЗА ПРАВНИ ЛИЦА

- Доказ за уплатен депозит;
- Изјава дека ги прифаќаат условите од точка 2.3. на Огласот;
- Доказ за регистрација на правното лице во Централниот регистар на Република Македонија (не постар од шест месеци);
- Решение со кое се дава дозвола за почнување со работа на здравствената установа од Министерството за здравство на Република Македонија;
- Уредно полномошно за полномошникот што го претставува правното лице, односно доказ за својство на овластено одговорно лице на правното лице.

5. ДЕН, ЧАС И МЕСТО НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

Усното јавно наддавање ќе се одржи во просториите на ЈЗУ Здравствен дом Битола ул.„Филип Втори Македонски“ бр.9 Битола, во просториите на Управата:

на ден 10.6.2021 година (среда) во 10 часот.

6. ПОСТАПКА ЗА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

6.1. Постапката за јавно наддавање ја спроведува Комисија за јавно наддавање на ЈЗУ Здравствен дом Битола .На денот на јавното наддавање, можат да учествуваат само физичкото лице односно овластеното лице на ПЗУ кои ги исполнуваат условите од Огласот и на чие име гласи уплатениот депозит. Учесниците својот легитимитет за учество во наддавањето го потврдуваат со важечка лична исправа и уредно полномошно за полномошниците.

6.2.Јавното наддавање започнува со јавно соопштување на почетната цена утврдена во колона 3 на табелата од точка 2.1. од Огласот.

6.3.Наддавањето се врши „чекорно“ со зголемување на вредноста со секој чекор, за износ не помал од 100 денари.

6.4.Учесникот во наддавањето кој понудил највисока цена која и по три пати соопштена не е наддадена од друг учесник, се стекнува со статус најповолен наддавач.

6.5.Со статус на најповолен понудувач може да се стекне и учесник кој на јавното наддавање се јавил како единствен наддавач ,кој ги исполнил и прифаќа условите од огласот и ја наддаде почетната цена најмалку за еден чекор.

6.6. Со најповолниот наддавач ЈЗУ Здравствен дом Битола ќе склучи договор за закуп на просторот - предмет на јавното наддавање.Со договорот за закуп поблиску ќе се определат правата и обврските од закупениот однос.

6.7.На учесниците на наддавањето што не добиле статус на најповолни наддавачи, средствата уплатени како депозит ќе им бидат вратени во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање.

6.8. Доколку најповолниот наддавач во рок од 15 дена од доставувањето на договорот за закуп, не склучи договор за закуп, уплатените паричните средства на име депозит за учество не му се враќаат. Во овој случај со статус на најповолен наддавач ќе се стекне учесникот кој по редослед е следнорангиран наддавач, што ги исполнува условите од огласот и ја наддал почетната цена на јавното наддавање и со истиот ќе се пристапи кон склучување на договор за закуп.

6.9. Со склучувањето на договорот за закуп на просторот и опрема склучен помеѓу ЈЗУ Здравствен дом Битола и физичко или правно лице избрано за најповолен понудувач согласно спроведената постапка не се стекнува по автоматизам и со лиценца за вршење на дејност во мрежата на здравствени установи.

Склучувањето на договор за лиценца за вршење на здравствена дејност во мрежата на здравствени установи се стекнува исклучиво по спроведена постапка што се води во министерството за здравство согласно Законот за здравствена заштита и според потребите за вршење на здравствена дејност утврдени во Уредбата за мрежата на здравствени установи.

Согласно претходното, физичкото или правното лице кое е избрано за најповолен понудувач може да ја врши здравствената дејност за која го има добиено просторот во ЈЗУ само доколку здравствената установа добие дозвола за работа од Министерството за здравство и склучи договор со Фондот за здравствено осигурување на Македонија врз основа на договор за лиценца склучен со Министерството за здравство за да работи во мрежа или да работи вон мрежа без да склучи договор со Фондот само со добивање на дозвола за работа.

6.10. Учесниците на јавното наддавање имаа право на приговор само по однос на постапката на јавното наддавање во рок од 3 дена од одржувањето на јавното наддавање до комисијата која одлучува по приговорот со Решение во рок од 5 дена од приемот на приговорот. Против решението на Комисијата може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

6.11. Огласот ќе биде објавен во „Службен весник на РСМ“ и на огласната табла во ЈЗУ Здравствен дом Битола.

6.12. Подетални информации и увид на предметот на јавното наддавање со претходна најава може да се добијат на тел. 047 / 242-675 и 075 276 979. Лице за контакт Томе Стојановски.

Комисија за јавно наддавање на
ЈЗУ Здравствен дом Битола

**Огласи**

Grant Thornton

# Извештај на независниот ревизор

**Грант Торнтон ДОО**
Св. Кирил и Методиј 52б-1/20
1000 Скопје
Северна Македонија
**Т** +389 (0)2 3214 700
**Ф** +389 (0)2 3214 710
**Е** Contact@mk.gt.com
Даночен број: 4030003475973

До: **Раководстото и Акционерите на ФЗЦ 11 Октомври А.Д, Куманово**

**Извештај за финансиските извештаи**

Ние извршиме ревизија на придружните финансиски извештаи на ФЗЦ 11 Октомври а.д., Куманово („Друштвото"), составени од Извештајот за финансиската состојба на ден 31 декември 2020 година, Извештајот за сеопфатната добивка, Извештајот за промените во капиталот и Извештајот за паричните текови за годината што тогаш заврши, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки, вклучени на страните 4 до 33.

Одговорност на Раководството за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола која Раководството утврдува дека е неопходна за да овозможи изготвување на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување како резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Северна Македонија[1]. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување. Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот, и истите вклучуваат проценка на ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, било поради измама или грешка.

При овие проценки на ризиците ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Друштвото со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за потребата да изрази мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Друштвото.

Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупната презентација на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека стекнатите ревизорски докази претставуваат задоволителна и соодветна основа за нашето ревизорско мислење.

[1] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР") издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување („ОМСРУ"), кои стапија на сила на 15 декември 2009 година, преведени и објавени во Службен весник на Република Македонија број 79 од 2010 година

**Огласи**

Grant Thornton

Мислење
Наше мислење е дека, придружните финансиски извештаи, ја претставуваат објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Друштвото ФЗЦ 11 Октомври а.д., Куманово на ден 31 декември 2020 година, како и резултатот од работењето и паричните текови за годината што тогаш заврши, во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

Нагласок врз одредени прашања
Како што е објавено во Белешката 2.2 кон придружните финансиски извештаи, Друштвото искажа загуба од работењето за годината што заврши на 31 декември 2020 во износ од 111,121 илјади денари и со состојба на тој датум акумулираните загуби изнесуваат 2,200,347 илјади денари. Истовремено показателот на задолженост на датумот на известување, прикажан во Белешката 3.5 изнесува 1.13, и укажува на тоа дека салдото на позајмиците, намалени за паричните средства го надминува износот на сопствените извори на средства на Друштвото за износ од 54,358 илјади денари.

Според проценките на Раководството и мнозинскиот сопственик на Друштвото, акумулираните загуби ќе бидат надоместени преку идни добивки со зголемување на обемот на продажби, учеството на пазарите и рационализација на деловните расходи. Раководството и мнозинскиот сопственик ги превземаат сите потребни активности за подршка на одржливоста и растот на Друштвото. Мнозинскиот сопственик на Друштвото нема планови да ги прекине или значајно промени сите или дел од оперативните активности на Друштвото. Во своето Писмо за поддршка од 24 април 2021 година, мнозинскиот сопственик ја изрази својата подготвеност финансиски да го поддржи Друштвото во подмирувањето на неговите обврски кога истите доспеваат во период од 12 месеци од датумот на Писмото. Финансиските извештаи на Друштвото со состојба на и за годината што заврши на 31 декември 2020 се подготвени врз основа на претпоставката за неограничен континуитет и истите не содржат било какви корекции и рекласифиации кои би биле потребни во случај оваа претпоставка да не е валидна.

Како што е објавено во Белешка 23 кон придружните финансиски извештаи, со состојба на 31 декември 2020 година, судските постапки покренати против Друштвото изнесуваат 14,660 илјади денари. Раководството на Друштвото редовно ги анализира ризиците од загуби од овие спорови и проценува дека истите нема да резултираат во материјално значајни одливи на средства. Соодветно, на датумот на извесување, не се признаени било какви резервирања по основ на идни загуби од судски спорови.

Како што е објавено во Белешката 25 кон придружните финансиски извештаи, на датумот на известување, не е воспоставена хипотека врз недвижниот имот на Друштвото, согласно одредбите на договорот за заем помеѓу Друштвото и заинтересираната страна – мнозинскиот сопственик.

Нашето мислење не е дополнително модификувано во однос на погоре наведените прашања.

Grant Thornton DOO is a member firm of Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL and the member firms are not a worldwide partnership. GTIL and each member is a separate legal entity. Services are delivered by the member firms. GTIL does not provide services to clients. GTIL and its member firms are not agents of, and do not obligate, one another and are not liable for one another's acts or omissions.

grantthornton.mk

Grant Thornton

**Извештај за други правни и регулаторни барања**

Раководството на Друштвото ФЗЦ 11 Октомври а.д., Куманово е исто така одговорно за изготвување на годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2020 година во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на годишниот извештај, со историските финансиски информации објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2020, во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Северна Македонија[2], како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за Ревизија.

Наше мислење е дека, историските финансиски информации објавени во годишниот извештај за работењето на Друштвото ФЗЦ 11 Октомври а.д., Куманово со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2020, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2020.

Марјан Андонов
Управител

Друштво за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО

Марјан Андонов
Овластен ревизор

Грант Торнтон ДОО, Скопје

Скопје, 29 април 2021 година

[2] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР") издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување („ОМСРУ"), кои стапија на сила на 15 декември 2009 година, преведени и објавени во Службен весник на Република Македонија број 79 од 2010 година

Grant Thornton DOO is a member firm of Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL and the member firms are not a worldwide partnership. GTIL and each member is a separate legal entity. Services are delivered by the member firms. GTIL does not provide services to clients. GTIL and its member firms are not agents of, and do not obligate, one another and are not liable for one another's acts or omissions.

grantthornton.mk

ФЗЦ 11 Октомври а.д. Куманово

Финансиски извештаи
31 декември 2020

# Извештај за финансиската состојба

| | Бел. | 31 декември 2020 | 31 декември 2019 |
|---|---|---|---|
| | | | (000 мкд) |
| **Средства** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 5 | 455,670 | 466,288 |
| Нематеријални средства | 6 | 187 | 224 |
| Вложувања во подружници и остан.вложув. | 8 | 723 | 723 |
| | | **456,580** | **467,235** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 9 | 1,001,405 | 1,075,224 |
| Побарувања од купувачи и ост. побарувања | 10 | 217,804 | 166,968 |
| Парични средства и еквиваленти | 11 | 180 | 4,644 |
| | | **1,219,389** | **1,246,836** |
| **Вкупно средства** | | **1,675,969** | **1,714,071** |
| **Капитал и обврски** | | | |
| **Капитал** | | | |
| Акционерски капитал | 12 | 1,543,947 | 1,543,947 |
| Останат капитал | 12 | 3,826 | 3,826 |
| Резерви | 12 | 1,063,910 | 1,063,910 |
| Акумулирана (загуба) | | (2,200,347) | (2,089,226) |
| **Вкупно капитал** | | **411,336** | **522,457** |
| **Обврски** | | | |
| **Краткорочни обврски** | | | |
| Позајмици | 13 | 465,874 | 602,241 |
| Обврски кон добавувачи и останати обврски | 14 | 798,759 | 589,373 |
| **Вкупно обврски** | | **1,264,633** | **1,191,614** |
| **Вкупно обврски и капитал** | | **1,675,969** | **1,714,071** |

Овие финансиски извештаи се одобрени од Одборот на Директори на Друштвото на ден 11 март 2021 година и се потпишани во негово име од:

Г-дин Војо Нацевски,
Извршен Директор

Г-ѓа Мирјана Костиќ,
Овластен сметководител

**Огласи**

ФЗЦ 11 Октомври а.д., Куманово

Финансиски извештаи
31 декември 2020

# Извештај за сеопфатната добивка

| | Белешки | За годината што завршува на 31 декември 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| | | | (000 мкд) |
| Приходи од продажба | 15 | 920,629 | 1,218,497 |
| Останати деловни приходи | 16 | 6,144 | 29,273 |
| | | **926,773** | **1,247,770** |
| Материјали, услуги и наб.вред.на прод.трг.ст | 17 | (691,519) | (846,251) |
| Трошоци за користи на вработените | 18 | (165,722) | (181,779) |
| Депрецијација и амортизација | 5,6 | (32,852) | (31,630) |
| Останати деловни расходи | 19 | (95,247) | (49,712) |
| Промена во вредноста на залихите | | (21,709) | (150,075) |
| **(Загуба) од оперативно работење** | | **(80,276)** | **(11,677)** |
| Финансиски приходи | 20 | 1,500 | 4,198 |
| Финансиски (расходи) | 20 | (32,345) | (45,735) |
| Финансиски резултат, нето | | **(30,845)** | **(41,537)** |
| **(Загуба) пред оданочување** | | **(111,121)** | **(53,214)** |
| Данок на добивка | 21 | - | - |
| **(Загуба) за годината** | | **(111,121)** | **(53,214)** |
| Останата сеопфатна добивка / (загуба) | | - | - |
| **Вкупна сеопфатна (загуба) за годината** | | **(111,121)** | **(53,214)** |
| **(Загуба) по акција** | | | |
| - Основна (во Денари по акција) | 22 | **(226)** | **(108)** |

Придружните белешки се составен дел на овие финансиски извештаи

**Огласи**

ФЗЦ 11 Октомври а.д., Куманово

Финансиски извештаи
31 декември 2020

# Извештај за промените во капиталот

(000 мкд)

| | Акционерски капитал | Останат капитал | Резерви | Акумулирана (загуба) | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **На 1 јануари 2020** | **1,543,947** | **3,826** | **1,063,910** | **(2,089,226)** | **522,457** |
| **Транс.со сопствен.** | - | - | - | - | - |
| (Загуба) за годината | - | - | - | (111,121) | (111,121) |
| Ост.сеопф.добивка | - | - | - | - | - |
| **Вк.сеопф. (загуба)** | - | - | - | **(111,121)** | **(111,121)** |
| **На 31 декември 2020** | **1,543,947** | **3,826** | **1,063,910** | **(2,200,347)** | **411,336** |
| **На 1 јануари 2019** | **1,543,947** | **3,826** | **1,063,910** | **(2,036,012)** | **575,671** |
| **Транс.со сопствен.** | - | - | - | - | - |
| (Загуба) за годината | - | - | - | (53,214) | (53,214) |
| Ост.сеопф.добивка | - | - | - | - | - |
| **Вк.сеопф. (загуба)** | - | - | - | **(53,214)** | **(53,214)** |
| **На 31 декември 2019** | **1,543,947** | **3,826** | **1,063,910** | **(2,089,226)** | **522,457** |

Придружните белешки се составен дел на овие финансиски извештаи

ФЗЦ 11 Октомври а.д., Куманово

Финансиски извештаи
31 декември 2020

# Извештај за паричните текови

| | | | (000 мкд) |
|---|---|---|---|
| | | За годината што завршува на 31 декември | |
| | Бел. | 2020 | 2019 |
| **Деловни активности** | | | |
| Приливи од купувачи | | 875,593 | 1,309,741 |
| Исплати на добавувачи и вработени | | (693,959) | (1,215,837) |
| | | **181,634** | **93,904** |
| Платен данок од добивка | | - | - |
| Платена камата | **20** | (29,378) | (43,668) |
| | | **152,256** | **50,236** |
| **Инвестициони активности** | | | |
| Набавка на недвижности, постројки и опрема | **5** | (22,197) | (37,652) |
| Прилив од продажба на опрема | **5,16** | 1,844 | 284 |
| Приливи по камати | | - | 1,194 |
| | | **(20,353)** | **(36,174)** |
| **Финансиски активности** | | | |
| Приливи на кредити | **13** | 587,366 | 671,613 |
| (Одливи) на кредити | **13** | (723,733) | (723,733) |
| | | **(136,367)** | **(52,120)** |
| **Нето промена на парични средства и еквиваленти** | | **(4,464)** | **(38,058)** |
| Парични средства и еквиваленти на почетокот | **11** | 4,644 | 42,702 |
| **Парични средства и еквиваленти на крајот** | **11** | **180** | **4,644** |

Придружните белешки се составен дел на овие финансиски извештаи